Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20 и 246/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 4 февруари 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/16 и 22/17 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.270/20) издадена на Друштвото за трговија со електрична енергија У ПОВЕР ДОО експорт-импорт, Скопје Shoqeri per tregti me energji elektrike U POWER SHPK eksport-import, Shkup, во Прилогот во точката 1 зборовите ул. Аминта Трети бр.33А-29 Скопје-Центар” се заменуваат со зборовите “ул. Мирослав Крлежа бр.64 Скопје-Центар”.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во седиштето на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија со електрична енергија У ПОВЕР ДОО експорт-импорт, Скопје Shoqeri per tregti me energji elektrike U POWER SHPK eksport-import, Shkup, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.64 Скопје-Центар, (во натамошниот текст: Друштво) на 25 јануари 2021 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Известување за настанати промени кај носител на лиценца УП1 бр.12-8/21 од 25 јануари 2021 година, за настанати промени во седиштето на Друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на седиштето на Друштвото. Седиштето на Друштвото се менува од “ул. Аминта Трети бр.33А-29 Скопје-Центар” во “ул. Мирослав Крлежа бр.64 Скопје-Центар”.

Регулаторната комисија за енергетика на 4 февруари 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за трговија со електрична енергија У ПОВЕР ДОО експорт-импорт, Скопје Shoqeri per tregti me energji elektrike U POWER SHPK eksport-import, Shkup.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-8/21**
**4 февруари 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 17) të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 96/19) dhe nenit 21, paragrafi (1), pika 5) të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20 dhe 246/20), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 4 shkurt 2021, miratoi

**VENDIM**
**PËR NDRYSHIMIN E VENDIMIT PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TREGTI ME ENERGJI ELEKTRIKE**

1. Në Vendimin e Lëshimit të Licencës së Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike Tregti me Energji Elektrike (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 172/16 dhe 22/17 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.280/20) të lëshuar për Shoqërinë e Tregtisë me Energji Elektrike “U POVER” SHPK eksport-import, Shkup, në shtojcën në pikën 1 fjalët “rr. Aminta Treti nr. 33A-29, Shkup-Qendër" zëvendësohen me fjalët "rr. Mirosllav Krlezha nr.64, Shkup-Qendër".

2. Ndryshimi i licencës nga pika 1 e këtij vendimi kryhet në përputhje me ndryshimet e bëra në selinë e Shoqërisë.

3. Ky vendim hyn në fuqi me ditën e miratimit të tij, ndërsa publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1, nr. 12-8/21**
**4 shkurt 2021**
**Shkup**

**Kryetari i**
**Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit**
**të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Марко Бислимоски**